Република Северна Македонија
Општина Новаци
бр 12-288/12
11.06 2026 год.
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
Тел./факс: 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

# Јавен повик за избор на ко-модератор

За потребите на спроведување Форум во заедницата, Општина Новаци распишува оглас за избор на **КО-МОДЕРАТОР** кој ќе биде ангажиран со флексибилно работно време за организирање на форумските сесии (4) .

Ко-модераторот е помошник на модераторот на форумот. Оперативната група е составена од 6 членови и е одговорна за техничката организација на сесиите.

**Задачи, одговорности и очекувани резултати:**

- Помош на модераторот при водењето на сесиите;
- Соработка со Оперативната група;
- Организирање на сесиите, вклучително и регрутација на учесници на форумот;
- Организирање и ко-модерирање на состаноците помеѓу сесиите;
- Техничка подготовка на сесиите (сала, постери, опрема);
- Подготовка и чување на документите за и од форумските сесии и работата помеѓу сесиите (записник, листи на учесници, покани и сл.);
- Поддршка на модераторот во подготовка на месечни извештаи.

**Квалификации и искуство:**

- универзитетско образование
- познавање на англиски јазик
- активно користење на компјутер (WORD, ECXELL, OUTLOOK)
- познавање на процесот на децентрализација
- искуство во работа со невладни организации
- да е жител на општината
- искуство во фасилитација, координација и известување
- наклонетост кон тимска работа
- одлични комуникациски вештини

Заинтересираните кандидати треба да испратат кратка биографија (CV) и писмо за мотивација, најдоцна до 18.06.2026 година на следната емаил адреса: **opstina@opstinanovaci.gov.mk**.

**Општина Новаци**
**Градоначалник**

**Стевче Стевановски**

Република Северна Македонија Општина Новаци